**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Бр. / Nr. 03-986/1
03.03 2023 год. / v.
СКОПЈЕ / SHKUP

# СТУДИЈА

*за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово*

март, 2023 година

## Содржина

Вовед ..................................................................................................................................3
Законска рамка и важност на непрофитните радиостаници ....................................................5
Постојна понуда.....................................................................................................................8
Податоци за слушаноста на радиостаниците .........................................................................12
Потенцијална публика ...........................................................................................................13
Заклучоци ...........................................................................................................................14

## Вовед

На 01.02.2023 година, Тетовскиот универзитет достави до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги „Писмо за намера за отворање радио" (наш бр. 08-611/1 од 01.02.2023 година), со кое изрази намера за отворање непрофитно радио кое, како што стои во писмото, *„ќе придонесе за подобро информирање на студентите и на пошироката публика преку емитување образовни, информативни и забавни емисии."*

Имајќи го предвид доставеното писмо, како и обврската на Агенцијата доколку има слободни радиофреквенции да изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување јавен конкурс за отворање радиостаница, Агенцијата побара од Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) информација (допис бр. 08-611/2 од 02.02.2023 година) за можни слободни фреквенции за радиоемитување во подрачјето на општина Тетово, со начелни технички параметри врз основа на кои ќе се изработи техничко решение за емитување радиопрограма.

На 20.02.2023 година АЕК ја извести Агенцијата (Известување наш бр. 08-611/4 од 20.02.2023 година) дека *„врз основа на техничката анализа од страна на Секторот за радиокомуникации и најновите мерења во реонот на градот Тетово, утврдено е дека постои можност за доделување на фреквенција за локално радио покривање. Начелни параметри според кои треба да се изработи техничко решение за покривање на градот Тетово:*

- *Можна локација на предавател: Тетово кале;*
- *Ефективна израчена моќност: 300 W;*
- *Фреквенција: 107.2 MHz."*

*Овие податоци треба да се искористат при изработката на тендерската спецификација за јавниот тендер за доделување на дозвола за вршење на радиодифузна дејност – радио на локално ниво и истите подлежат на промени".*

Во декември 2019 година, Тетовскиот универзитет достави барање до Агенцијата за отворање непрофитно радио, врз основа на кое Агенцијата изработи студија со која се утврди дека постои оправданост, поради што беше распишан јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис наменет за студентската популација, на подрачјето на општина Тетово. Јавниот конкурс не беше успешен од причина што не беше поднесена ниту една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот.

Имајќи го предвид наведеното, Агенцијата ја изработи оваа студија за да ја утврди оправданоста за објавување јавен конкурс за непрофитно радио во подрачјето на општина Тетово, особено од аспект на исполнувањето на целта на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од аспект на потребите на публиката. За оваа цел во Студијата, покрај законската рамка за непрофитните радиостаници, претставени се податоци за

програмската понуда на постојните радиостаници на ова подрачје, за нивната слушаност во последните три години, како и за потенцијалната публика. Заклучоците од анализата на податоците се дадени во последниот дел од Студијата.

## Законска рамка и важност на непрофитните радиостаници

Непрофитна радиодифузна установа, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, може да се основа само за радио емитување, и тоа од страна само на образовни, културни и други установи и здруженија на граѓани и фондации со цел да се задоволат потребите и интересите на специфични целни групи. Како исклучок од ова, во членот 65 став 6 од законот јасно е наведено дека „*универзитетот како високообразовна установа може да основа радио како посебна внатрешна организациона единица (студентско радио) без својство на правно лице*".

Во моментов, дозвола за емитување радиопрограма имаат четири непрофитни радиодифузни установи, од кои три се наменети за студентската популација (РА Студент ФМ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, РА УКЛО ФМ при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола и РА УГД ФМ при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип), а едно е верско (РА Марија Благовест од Струмица) и е наменето за христијанското население.

Во однос на работењето на непрофитните радиодифузери, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги содржи и неколку посебни одредби, и тоа: Дозволата за радио емитување на непрофитните радиодифузни установи се доделува за временски период од девет години со можност за продолжување на истата (член 79 став 1); Непрофитните радиодифузни друштва имаат најнизок коефициент (0,25) при пресметување на надоместокот за дозволата за радиоемитување (член 80 став 2); Непрофитните радиодифузни установи се должни да емитуваат најмалку четири часа дневно програма на радио (член 90 став 5); Во програмите на непрофитните радиодифузни установи не е дозволено користење на телефонски услуги со додадена вредност (член 93 став 2); Не е дозволено да се емитува рекламирање во програмите на непрофитните радиодифузни установи (член 99 став 7).

Со цел пошироко да ја пренесе информацијата за постоењето на овој радиодифузен сектор, како и да ги поттикне институциите и органите во државата да осмислат и предвидат мерки со кои ќе се помогне неговиот развој, Агенцијата во декември 2015 година изработи „Концепт за развој на непрофитните радиодифузни установи". Во овој документ е даден преглед на почетоците и развојот на непрофитниот сектор во Македонија, актуелната законска рамка, како и на правците за можниот развој на непрофитните радија. Откако беше донесен, Концептот беше објавен на веб страницата на Агенцијата и беше доставен до Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за електронски комуникации и до други субјекти, поради тоа што некои од развојните концепти се поврзани со мерки и активности за коишто надлежни се овие институции.

За потребите на оваа Студија, подолу преземаме само дел од овој документ:

*„Кои се улогите на медиумите на заедницата?*

*- **Плурализам на медиумскиот пејзаж**: Медиумите на заедницата се перципираат како еден од можните ефикасни одговори во однос на загрижувачкиот наплив комерцијална медиумска концентрација, во однос на економската и на политичката контрола над виталните комуникациски ресурси и инфраструктурата; во сопственост се на заедници од граѓанското општество: самоорганизирани, независни групи граѓани и здруженија, пред сè функционални како непрофитни организации; имаат транспарентна раководна структура: демократски поставени, со комуникациски отворено и приемчиво раководство избрано непосредно од заедницата во чија полза работат; во процесот на работата, пожелно е заедничко одлучување наспроти менаџерска хиерархија;*

*- **Содржинско дополнение на јавните и на комерцијалните медиумски системи:** Отвореност на програмата: производствено и организациски достапни за поединци што не се медиумски професионалци, и на тој начин ги надминуваат границите меѓу професионално активните производители на медиумските програми и пасивната публика; овозможуваат производството на медиумските содржини да не потпаѓа исклучиво во рацете на традиционалните, веќе етаблирани национални и глобални институции, па на тој начин медиумите на заедницата потсетуваат дека медиумскиот плурализам освен што претполага разноликост во формалниот и во тематскиот опфат на содржините, тој означува и плурализам на производителите на тие содржини, како и на сопствениците на медиумите. Програмите на медиумите на заедницата пред сè се вреднуваат како ефикасен одговор за потребите на содржинската разноликост во јавната, општествена дебата; овој - трет медиумски сектор, креира простори за поширока јавна дебата во која се истакнува препознатливиот, локален глас на стриктно целна публика, глас нeретко занемарен среде национализираниот и глобализиран медиумски пејзаж што е зачестено критикуван дека се претопил во монотона, комерцијална култура;*

*- **Активно граѓанство:** Потребата активно да се биде вклучен во политичките текови, претставува извор за мотивите и за содржините на медиумот на заедницата. Оттаму, основите за овој вид медиуми типично се поврзани со политичките концепции на – отвореност и на вклученост, како и на непосредна активност на локалните заедници и на маргинализираните општествени групи; вклучуваат волонтери: размена на вештини и на искуства, насочени кон унапредување на поединечните и на заедничките можности – тоа е основата врз која функционираат, тоа е целта на нивната мисија; постојаното учење и развојот на вештините се согледува како клуч за опстанокот и за развојот на самиот медиум; разновидност на содржината: им даваат гласност на групите, на идеите, на културните и на уметничките тенденции што вообичаено не се општествено претставени преку веќе воспоставените медиумски односи; го поддржуваат дијалогот во заедницата и размената на информации, и ја поттикнуваат вклученоста на маргинализираните заедници во политичките, во социјалните и во културните процеси;*

***- Создавање мрежи на соработка:*** *Придонесуваат, дури и во прекугранична смисла, за поврзување медиумски проекти. Активисти и организатори на настани со значење за граѓанското општество склучуваат партнерства со академските кругови и со поддржувачите на нивните општествени идеи, за заеднички пристап кон креирање отворени општествени политики".*

## Постојна понуда

На подрачјето на општина Тетово дозвола да емитуваат радиопрограма имаат пет радиостаници, и тоа: Трговско радиодифузно друштво БЛЕТА ДООЕЛ Тетово, Трговско радиодифузно друштво РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово, Трговско радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, Трговско радио дифузно друштво РАДИО 7 ДООЕЛ Тетово и Трговско радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово.

Радиостаниците Блета, Кисс, Радио 7 и Ред ФМ се музичко-говорни радија од општ формат, кај кои емитуваната музика е од различни музички жанрови и ниту еден од нив не е застапен со повеќе од 70% во вкупно емитуваната музика во текот на една седмица.

РА Плус Форте е говорно-музичко радио со претежно забавен општ формат, кај кое говорните содржини од програмата исполнуваат претежно забавна функција, која не е застапена со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65% во говорниот дел од програмата во текот на една седмица.

Сите радиостаници емитуваат по 168 часа програма во текот на една недела. Најмногу говорен дел емитува РА Плус Форте (27 часа неделно), а најмногу музика емитува Радио 7 (138 часа и 30 минути неделно).

**Структура на планираната неделна програма**

| Структура | Времетраење | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | РА Блета | РА Кисс | РА Плус Форте | РА 7 | РА Ред ФМ |
| Говорен дел | 12:00:00 | 20:00:00 | 27:00:00 | 22:30:00 | 17:00:00 |
| Музика | 121:00:00 | 128:00:00 | 132:00:00 | 138:30:00 | 138:00:00 |
| Други програмски сегменти | 35:00:00 | 20:00:00 | 09:00:00 | 07:00:00 | 13:00:00 |

Говорниот дел на радиостаниците Блета, Радио 7 и Ред ФМ се емитува на албански јазик, додека пак на РА Кисс и на РА Плус Форте на македонски јазик.

Говорните содржини емитувани на програмскиот сервис на РА Плус Форте (во вкупно времетраење од 27 часа неделно) се со информативна и со забавна функција. Од видовите програми со информативна функција оваа радиостаница емитува само вести (два часа неделно) и информативно-забавна програма (десет часа неделно), а од програмите со забавна функција само забавно-информативна (пет часа неделно) и друга забавна програма (десет часа неделно).

Од вкупно 22 часа и 30 минути неделно говорни содржини на Радио 7, шест часа се со информативна функција, еден час и 30 минути се со образовна и 15 часа се со забавна функција. Од програмите кои исполнуваат информативна функција оваа радиостаница емитува пет часа неделно вести и еден час друга информативна програма, од содржините со образовна функција најдолго емитувана е „другата образовна програма" (45 минути неделно), а од содржините со забавна функција – музичката програма (12 часа неделно).

## Структура на говорниот дел од планираната неделна програма

| | Видови програми | Времетраење по вид програма (часови и минути) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | РА Блета | РА Кисс | РА Плус Форте | РА 7 | РА Ред ФМ |
| Информативна функција | Вести/ТВ дневници | 01:30:00 | 04:00:00 | 02:00:00 | 05:00:00 | 03:00:00 |
| | Актуелно-информативна програма | | | | | 01:00:00 |
| | Актуелно-информативна програма со документаристички пристап | | | | | |
| | Актуелно-информативна говорна шоу програма | 04:30:00 | | | | 01:00:00 |
| | Преноси или снимки од седници на органите на власта | | | | | |
| | Преноси или снимки од општествено-политички настани | | | | | |
| | Информативни магазини | | | | | |
| | Специјализирани информативни емисии | | | | | |
| | Информативно-забавна програма | | | 10:00:00 | | 01:00:00 |
| | Инфо-сервис | | 01:00:00 | | | |
| | Информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | | | | | 02:00:00 |
| | Друга информативна програма | | | | 01:00:00 | |
| Образовна функција | Образовна програма | | | | | 00:30:00 |
| | Образовно-забавна програма | 00:30:00 | | | | |
| | Образовно-забавна програма за физичка култура и рекреација | | | | | |
| | Документарна програма | | 02:00:00 | | 00:15:00 | |
| | Документарно-забавна програма | 00:30:00 | | | | |
| | Образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | 00:30:00 | | | 00:30:00 | 01:00:00 |
| | Документарна програма со религиозна тематика | | | | | |
| | Друга образовна програма | | | | 00:45:00 | |
| Забавна функција | Забавно-информативна | | 13:00:00 | 05:00:00 | | 04:00:00 |
| | Забавна говорна шоу програма | 04:30:00 | | | | 01:00:00 |
| | Забавно-образовна програма | | | | | |
| | Забавно-документарна програма | | | | | |
| | Програми со хороскоп/тарот/јасновидци или толкување соништа | | | | | |
| | Спортска програма (пренос или снимка од спортски натпревари или настани и спортски магазини) | | | | 01:00:00 | 01:00:00 |
| | Радио драма (серии, серијали, хумор и сатира) | | | | 00:30:00 | |
| | Музичка програма (музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, опера и слично, музички спотови, музичка реалистична програма) | | | | 12:00:00 | |
| | Игри (натпревари со ниска продукциска вредност, натпревари со висока продукциска вредност, квизови, игри на среќа и наградни игри) | | | | | |
| | Друга забавна програма | | | 10:00:00 | 01:30:00 | 01:30:00 |
| Вкупно | | **12:00:00** | **20:00:00** | **27:00:00** | **22:30:00** | **17:00:00** |

РА Кисс неделно емитува 20 часа говорни содржини, од кои со информативна функција емитува вести (четири часа неделно) и инфо-сервис (еден час неделно), со образовна функција емитува само документарна програма (два часа неделно), а со забавна функција само забавно-информативна програма (13 часа неделно).

Од вкупно 17 часа говорен дел во текот на една седмица, радиостаницата Ред ФМ најмногу време за програми со информативна функција одвојува за емитување вести, односно ТВ дневници (три часа неделно). Од програмите со образовна функција најзастапена е образовната програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки (еден час неделно), а од програмите со забавна функција - забавно-информативната програма (четири часа неделно).

Најмалку говорни содржини во текот на една недела (12 часа) емитува РА Блета. Од програмите со информативна функција емитува актуелно-информативна говорна шоу програма (четири часа и 30 минути неделно) и вести (еден час и 30 минути неделно), а од програмите со образовна функција емитува образовно-забавна програма, документарно-забавна програма и образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки, секоја во времетраење од по 30 минути неделно. Забавната говорна шоу програма е единствената програма со забавна функција која се емитува на програмата на РА Блета (четири часа и 30 минути неделно).

Радио 7 музика емитува 138 часа и 30 минути неделно. Од нив 76,30% е народна, 22,90% забавна, а 0,80% е духовна музика. Повеќе од половина од вкупно емитуваната музика на овој програмски сервис е новосоздадена народна музика.

**Структура на планираната музика (неделно)**

| Вид | Жанр | Времетраење (%) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | РА Блета | РА Кисс | РА Плус Форте | РА 7 | РА Ред ФМ |
| Народна | Традиционална | | 30% | | 22.90% | 15% |
| | Етно/World music | 5% | 5% | | | 5% |
| | Новосоздадена народна музика | 5% | 45% | | 53.40% | 5% |
| | ***Вкупна народна музика*** | ***10%*** | ***80%*** | ***0%*** | ***76.30%*** | ***25%*** |
| Популарна (забавна) | Поп | 69% | 20% | 100% | 11.45% | 25% |
| | Џез | | | | | 5% |
| | Блуз | 4% | | | | 5% |
| | Рок/Рок енд рол | 7% | | | 11.45% | 15% |
| | Електронска музика/техно | 10% | | | | 20% |
| | ***Вкупна забавна музика*** | ***90%*** | ***20%*** | ***100%*** | ***22.90%*** | ***70%*** |
| Класична | | | | | | 5% |
| Духовна | | | | | 0.80% | |
| | **Вкупна музика** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

Од емитуваната музика на РА Ред ФМ (138 часа неделно), 25% е народна, 70% е забавна, а 5% е класична музика. Од народната најзастапен жанр е традиционалната, а од забавната – поп музиката.

Целокупната музика емитувана на програмскиот сервис на РА Плус Форте (вкупно 138 часа неделно) е поп, додека на РА Кисс 80% е народна (од која најзастапена е новосоздадената народна музика) и 20% е забавна (поточно поп музика).

Најмалку музички содржини на својата програма има РА Блета (121 час неделно). Од нив, 90% се забавна, а 10% се народна музика. Најзастапен жанр од забавната е поп музиката (69%), а од народната подеднакво се застапени етно и новосоздадената народна музика (двете по 5%).

Според јазикот на емитуваната музика, кај РА Блета и Радио 7 доминантна е музиката на албански јазик, кај РА Кисс и РА Плус Форте музиката на македонски јазик, а кај РА Ред ФМ музиката на англиски јазик.

**Структура на музиката по јазик**

| Јазик | Процент | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | РА Блета | РА Кисс | РА Плус Форте | РА 7 | РА Ред ФМ |
| Македонски | | 60% | 40% | | |
| Албански | 65% | | | 99% | 45% |
| Српски | | 35% | 30% | | |
| Турски | 5% | | | | |
| Ромски | | | | | |
| Влашки | | | | | |
| Бошњачки | | | | | |
| Хрватски | | | 30% | | |
| Словенечки | | | | | |
| Англиски | 30% | | | | 50% |
| Француски | | | | | 3% |
| Шпански | | | | | |
| Португалски | | | | | |
| Други јазици | | 5% | | 1% | 2% |
| **Вкупно** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

## Податоци за слушаноста на радиостаниците

Според податоците за слушаноста на радиостаниците во периодот од 2020 до 2022 година, највисок просечен дневен досег во 2021 и 2022 година имала РА Блета (4,6% во 2021 година и 7% во 2022 година), а во 2020 година највисок дневен досег имала РА Кисс, односно оваа радиостаница во просек дневно ја слушале 4,1% од вкупното население на подрачјето на Тетово.

**Просечен дневен досег**




Во 2022 година, Блета имала и највисок просечен неделен досег, и тоа неколкукратно повисок од досегот на останатите четири радиостаници. Додека во 2020 и 2021 година радиостаницата Кисс досегнувала до најголем дел од слушателите, односно нејзиниот просечен досег во двете години изнесувал по 8,9%. Подолу се претставени вредностите за просечниот неделен досег за секоја радиостаница посебно.

**Просечен неделен досег**



## Потенцијална публика

Според податоците за запишани студенти на високите стручни школи и факултетите во Македонија во академската 2021/2022 година (прв циклус на студии)[1] што Државниот завод за статистика ги објави на 06.07.2022 година, вкупниот број на студенти на двата универзитета во Тетово изнесувал 9.518, од кои 7.771 биле на државниот универзитет, а 1.747 на Универзитетот на југоисточна Европа.

Со оглед на тоа дека програмската понуда на оваа радиостаница ќе биде достапна и до поширока публика, а не само до примарната (студентската популација), подолу се претставени податоците за бројот и структурата на населението на подрачјето за кое би се доделила дозволата. Според податоците од Пописот на населението во 2021 година[2], бројот на резидентно население во општина Тетово изнесува 84.770 жители, од кои 41.663 биле мажи, а 43.107 биле жени.

Од аспект на старосната структура, најбројно било населението на возраст од 25 до 29 години (6.521 лице).

**Структура на населението по возраст**




Што се однесува до етничката припадност, најголем дел од резидентното население било од албанска националност (вкупно 60.460 жители). Од македонска националност биле 15.529 лица, од ромска 1.885 лица, од турска 1.746 лица, од српска 256 лица, од бошњачка 189 лица, од влашка 11 лица, а 303 лица биле припадници на други етнички заедници. Етничката припадност на останатите 4391 лица не е утврдена со пописот.

[1] Податоците се достапни на следниот линк: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=29

[2] Податоците се достапни на следниот линк: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Popisi__Popis2021__NaselenieVkupno__Naselenie__VozrastiPol/T1019P21.px/?rxid=d0a3b925-547c-4462-a15b-25c70ff2fa5d

## Заклучоци

Студентските радиостаници се особено важни за задоволување на медиумските потреби и интереси на студентската популација, коишто не можат да се задоволат преку програмските содржини емитувани на јавниот сервис и на комерцијалните радиостаници. Тие, всушност, нудат платформа за студентите да разговараат за прашањата што им се важни, да ги искажат своите ставови за важни теми, како и да го надополнат своето учење.

Во оваа насока е и писмото за намера за отворање радио коешто го достави Тетовскиот универзитет, во кое е наведено дека *„Радиото ќе овозможи промовирање на активностите на Универзитетот, како и организирање на различни трибини, дебати за различни настани, како и културно-уметничка забава за студентите на Универзитетот и за слушателите на радиото воопшто. Особено ќе игра важна улога за студентите од студиската програма Новинарство и Медиуми при Правниот факултет, за одржување на практичкиот дел и за нивниот професионален развој*", како и дека *„ќе придонесе за подобро информирање на студентите и на пошироката публика преку емитување образовни, информативни и забавни емисии*".

Наодите од оваа студија покажаа дека **постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на Тетово,** и тоа:

1. Целна група на радиодифузерот треба да биде студентската популација на подрачјето на Тетово;
2. Од 10% до 15 % од вкупно емитуваната програма во текот на една недела да бидат говорни содржини и
3. Јазикот на кој ќе се емитува говорниот дел од програмскиот сервис да биде албански и македонски.

Изработила: Сања Гудеска-Здравковска
Контролирала: Катерина Доневска
Одобрила: м-р Магдалена Д. Довлева

Согласна: м-р Драгица Љубевска

**Директор на Агенцијата,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**